РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-551/4
29.08 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/19 и 58/24), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии (300 ЕКТС) по „Фармација" на англиски јазик, на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии (300 ЕКТС) по „Фармација" на англиски јазик, на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добивање на Решението за акредитација бр.08-40/4 од 01.07.2025 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип се обрати со барање бр.0809-565/1 од 16.07.2025 година до Агенција за квалитет во високото образование, под наш бр.08-551/1 од 17.07.2025 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии (300 ЕКТС) по „Фармација" на англиски јазик, на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-551/2 од 28.07.2025 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 21.08.2025 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-551/3 од 26.08.2025 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии (300 ЕКТС) по „Фармација" на англиски јазик, на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип., се исполнети условите, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Правилниот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение, може да се заведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР,**
Доц. Д-р Христина Серафимовска

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архивата на АКВО

изработил: Милена Ефремовскаа
одобрил: Севгил Муртези